РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење за можен судир на интереси.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Имено, Државната комисија е на став дека во ова ситуација не настанува состојба на судир на интереси согласно цитираниот член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси доколку блиско лице учествува на оглас за спроведување на јавна набавка во институција каде лицето има мирување на работното место, по што единствено треба да внимава на забраната за влијание врз постапките за јавни набавки согласно член 57 став (1) од истиот закон со кој е забрането службено лице да врши незаконско влијание во постапката за јавна набавка.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk